**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-8188/**

# З А П И С Н И К

**Од 207.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.12.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Сузана Николовска-Одделение за сметководство МРТ. |

**207.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 15.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 206.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година**.**

3. Разгледување и усвојување на Правилник за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 206.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 206.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Гајур Рамадани предложи мала корекција на записникот од 206.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата записникот од 206.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 206.седница на Програмскиот Совет на МРТ со предложените корекции.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година.
Исто така пред присутните беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, и даде согласност на истиот.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година.

■ **Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Правилник за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Сузана Николовска од Одделението за сметководство во МРТ.
Сузана пред членовите на советот објасни дека во препораката од извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија за усогласеност за 2020 година на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ е наведено:
-надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за изработка на акт со кој ќе се регулитаат условите и начинот за прием, издавање и евидентирање, трошење и следење на залихите на суровини и материјали на секое ниво на одговорност и обезбедување за услови на негова имплементација.
Врз основа на тоа изготвен е Правилник за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ, до кој се пропишува водењето на материјалното сметководство,евиденциите за состојбата назалихите насуровините и материјалите, резервни делови, ситен инвентар, авто гуми, и други набавки поврзани со магацинско работење, како и залихите на готови материјали во магацините во ЈРП МРТ, во кој се регулира движењето и промената на залихите,организацијата и начинот наводење на материјалното сметководство, материјалните книги и евиденции, видовите и начинот на изработка на документи кои се предмет за книжење во материјалните книги и евиденции.

Со изработка и донесување на предлог Правилник за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ, се обезбедуваат услови за целосна имплементација на горенаведената препорака од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија за усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ.
Исто така Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ, и даде согласност на истиот.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ.

■**Правилникот за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за материјално сметководство и магацинско работење во ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледана Информација за детскиот Евросонг до Програмскиот совет на МРТ:
-Информација со бр.02-4015/16 од 27.12.2022 година.
Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата предложи а членовите на советот едногласно прифатија, оваа Информација да се разгледува на наредната седница на Програмскиот совет на МРТ, и на истата да бидат повикани Шефот на делегацијата на Детскиот евросонг и Одговорниот уредник на сервисот.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател